# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 5** **Понеделник, 15 Мај 2023** **Демир Капија**



**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 364 100, e-mail: opstinadk@yahoo.com**


## С О Д Р Ж И Н А


1. *Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година............................................................................................................................*
2. *Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење.....................................*
3. *Одлука за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади во општина Демир Капија..............*
4. *Правилник за измена и дополнување на Правилникот за условите, критериумите и начинот за доделување на општински стипендии и ученици во општина Демир Капија*
5. *Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на општина Демир Капија за 2023 година...........................................*
6. *Решение за недонесување на Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2023 година.........................................*
7. *Заклучок за симнување на точка од дневен ред..........................................................................*
8. *Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог-проектот **"Изработка на техничка документација за изградба на системи за регулирање и одведување на атмосферските води во с.Бистренци и с.Корешница, Општина Демир Капија"**.............*
9. *Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2022 година...........................................................................................*
10. *Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартал 2023 година..................................................................................*
11. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..............................................................*
12. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..............................................................*
13. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..............................................................*
14. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..............................................................*
15. *Решение за одобрување финансиски средства..............................................................................*
16. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..............................................................*
17. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..............................................................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година**

Се објавува Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/1
15.05.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/20, 172/21) и Колективниот договор за вработените во Општина Демир Капија, Советот на Општина Демир Капија на XXI-та седница одржана на 12.05.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2023 година бр.08-960/4 од 26.12.2022 година ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.13/22) и Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.1/23), во членот 9 алинеја 1 се менува и гласи:

"-избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон односно по коефициент кој изнесува 2,7, а основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 373/3
12.05.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за грдаење објект од јавен интерес од локално значење**

Се објавува Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за грдаење објект од јавен интерес од локално значење, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/2
15.05.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 26 став 1 точка 6 а во врска со член 7 став 1 алинеја 8, член 9 став 2 и член 23 од Законот за експропријација ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и "Службен весник на РСМ" бр.122/21), Советот на Општина Демир Капија на XXI-та седница одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење**

**Член 1**

Со оваа Одлука се резервираат средства во Буџетот на Општина Демир Капија во висина од 431.340,00 денари, за потполна експропријација на земјиште за реализација на јавен интерес од локално значење – "Изградба на крак на улица Партизанска".

**Член 2**

Со експропријацијата за реализација на јавен интерес од локално значење, ќе престане правото на сопственост на физичкото/правното лице (приватна сопственост) а ќе се заснова правото на сопственост на Општина Демир Капија (општинска сопственост) на земјиште со вкупна површина од 780м2 и тоа:

- Дел од КП 4595 новоформирана КП бр.4595/2 КО Д.Капија ИЛ бр.571.........17 м2;
- Дел од КП 4597 новоформирана КП бр.4597/2 КО Д.Капија ИЛ бр.1541 .........1 м2;
- Дел од КП 4599/1 новоформирана КП бр.4599/3 КО Д.Капија ИЛ бр.1539 .....4 м2;
- Дел од КП 4594 новоформирана КП бр.4594/2 КО Д.Капија ИЛ бр.2378 .........1 м2;
- Дел од КП 4576 новоформирана КП бр.4576/2 КО Д.Капија ИЛ бр.574 ...........8 м2;
- Дел од КП 4584 новоформирана КП бр.4584/2 КО Д.Капија ИЛ бр.423 .........23 м2;
- Дел од КП 4589 новоформирана КП бр.4589/2 КО Д.Капија ИЛ бр.596 .........58 м2;
- Дел од КП 4590 новоформирана КП бр.4590/2 КО Д.Капија ИЛ бр.1368 .......71 м2;
- Дел од КП 4610 новоформирана КП бр.4610/2 КО Д.Капија ИЛ бр.2040 .....106 м2;
- Дел од КП 4615 новоформирана КП бр.4615/2 КО Д.Капија ИЛ бр.563 .........33 м2;
- Дел од КП 4616 новоформирана КП бр.4616/2 КО Д.Капија ИЛ бр.562 .........32 м2;
- Дел од КП 4630/1 новоформирана КП бр.4630/3 КО Д.Капија ИЛ бр.536 .....52 м2;
- Дел од КП 4632 новоформирана КП бр.4632/2 КО Д.Капија ИЛ бр.536 .......142 м2;
- Дел од КП 4632 новоформирана КП бр.4632/3 КО Д.Капија ИЛ бр.536 .........16 м2;
- Дел од КП 4633 новоформирана КП бр.4633/2 КО Д.Капија ИЛ бр.536 .........39 м2;
- Дел од КП 4634 новоформирана КП бр.4634/2 КО Д.Капија ИЛ бр.536 .........27 м2;
- Дел од КП 4591 новоформирана КП бр.4591/2 КО Д.Капија ИЛ бр.2378 .........1 м2;
- Дел од КП 4691 новоформирана КП бр.4691/2 КО Д.Капија ИЛ бр.1013 .........3 м2;
- Дел од КП 4693/1 новоформирана КП бр.4693/3 КО Д.Капија ИЛ бр.198 .....50 м2;
- Дел од КП 4693/1 новоформирана КП бр.4693/4 КО Д.Капија ИЛ бр.198 .......7 м2;
- Дел од КП 4955 новоформирана КП бр.4955/2 КО Д.Капија ИЛ бр.501 .........16 м2;
- Дел од КП 4636 новоформирана КП бр.4636/2 КО Д.Капија ИЛ бр.191 .........59 м2;
- Дел од КП 4639 новоформирана КП бр.4639/2 КО Д.Капија ИЛ бр.1344 .......10 м2;
- Дел од КП 5629/2 новоформирана КП бр.5629/2 КО Д.Капија ИЛ бр.1489 .....4 м2;

**Член 3**

За експроприраната недвижност на физичкото/правното лице сопственик/корисник на предметното земјиште ќе му се исплати праведен надоместок кој не може да биде понизок од пазарната вредност на недвижноста, утврдена под услови и на начин согласно со Законот за експропријација, според методологија, правила и стандарди согласно со Законот за процена.

Надоместокот е утврден со Проценка на недвижен имот П.бр.153/1 од 28.04.2023 година изработена од Друштво за интелектуални услуги и процена МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ Кавадарци.

**Член 4**

Надоместокот за експрофрираната недвижност и трошоците на постапката паѓаат на товар на општина Демир Капија.

**Член 5**

Предлогот за експропријација го поднесува општина Демир Капија до органот на државната управа надлежен за имотноправните работи (орган за експропријација).

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 373/4
12.05.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади во Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади во Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/3
15.05.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики ( Сл.весник на РСМ бр.10/20), член 36, став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.05/02), и член 37-б од Статутот на општина Демир Капија (Службен гласник на Општина Демир Капија бр.8/05.. 4/21), Советот на Општина Демир Капија на 21-та седница одржана на 12.05.2023 година донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади во Општина Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Капија дава согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади во Општина Демир Капија.

**Член 2**

За конституирање на Локално собрание на млади се формира Иницијативен одбор.

Првата седница на Иницијативниот одбор ја свикува, отвора и со неа раководи највоздрасниот член од избраните членови на Иницијативниот одбор.

Иницијативен одбор го распишува повикот со цел конституирање на Локално Собрание на млади во согласност со Статутот на општината по принципот на транспарентност и јавност.

Иницијативен одбор е составен од 3 члена и се формира само за одржување на конститутивно Локално Собрание на млади.

Во Собранието на млади можат да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

Формите на организирање и здружување не мора да бидат регистрирани со седиште во Општина Демир Капија, но мора да имаат активности на територијата на Општина Демир Капија.

**Член 3**

Јавниот повик трае петнаесет (15) работни дена, сметано од денот на објавувањето.

Јавниот повик во себе содржи услови и начин на избор на членовите на Иницијативниот одбор.

Јавниот повик се објавува во електронска форма на интернет страницата на Општина Демир Капија.

Пристигнатите пријави согласно Јавниот повик ќе ги разгледува посебно формирана Комисија, формирана од Градоначалникот на Општина Демир Капија, која ќе даде предлог до Градоначалникот за избор на членови на ИО.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Демир Капија“.

Број 08 – 373/5
12.05.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од

Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за условите, критериумите и начинот за доделување на општински стипендии на ученици и студенти во општина Демир Капија**

Се објавува Правилник за измена и дополнување на Правилникот за условите, критериумите и начинот за доделување на општински стипендии на ученици и студенти во општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/4 Градоначалник на
15.05.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), а во согласност со член 3 и член 4 од Одлуката за утврдување начин на стипендирање на талентирани ученици и студенти во Општина Демир Капија ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.07/22), Советот на Општина Демир Капија на 21-та седница одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**За измена и дополнување на Правилникот за условите, критериумите и начинот за доделување на општински стипендии на ученици и студенти во општина Демир Капија**

**Член 1**

Со овој Правилник се вршат измени и дополнувања на Правилникот за условите, критериумите и начинот за доделување на општински стипендии на ученици и студенти во општина Демир Капија бр.08-643/4 од 22.08.2022 година ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.9/22), во членот 5 се вршат следните измени: зборовите "континуиран одличен успех изминатите години" се заменуваат со зборовите "континуиран одличен успех од претходните 2 (две) години".
Зборовите "За секоја освоена награда на државни натпревари за I место по 10 бода, за II место со 5 бода и за III место со 3 бода" се заменуваат со зборовите "За секоја освоена награда на државни натпревари за I место по 8 бода, за II место со 5 бода и за III место со 2 бода";
Зборовите "Освоени награди на меѓународни натпревари за I место со 20 бода, за II место со 15 бода и за III место со 10 бода се заменуваат со зборовите "Освоени награди на меѓународни натпревари за I место со 8 бода, за II место со 5 бода и за III место со 2 бода"

**Член 2**

Во членот 6 став 1 се менува и гласи:

"Бодирањето на студентите во зависност од успехот кој е постигнат ќе се вреднува на следниот начин:

| Ред.бр. | Просек | Бодови |
|---|---|---|
| 1. | од 9,50 до 10 | 30 |
| 2. | Од 9,00 до 9,49 | 25 |
| 3. | Од 8,50 до 8,99 | 20 |
| 4. | Од 8,00 до 8,49 | 15 |
| 5. | Од 7,50 до 7,99 | 10 |
| 6. | Од 7,00 до 7,49 | 5 |

• Објавени стручни трудови од областа за која се оспособува со 15 бода (независно од бројот на доставени трудови);

• Општествени и интелектуални иницијативи на студентите од областа за која се оспособува (учество на семинари, конференции и други образовни проектни активности) ќе се бодираат со по 1 бод. (По оваа ставка може да се добијат максимум 15 бода).“

**Член 3**

Во членот 7 зборовите "конкурсот ќе трае 15 (петнаесет) денови" се заменуваат со зборовите "конкурсот ќе трае 30 (триесет) денови".

**Член 4**

Во членот 8 во делот **"Апликантите за добивање студентска стипандија дополнително треба да доставaт"** алинеите 4 и 5 се бришат.
Алинеја 6 станува алинеја 4 и се додава нова алинеја 5 која гласи:
• Потврди за учество на семинари, конференции и други образовни проектни активности општествени и интелектуални иницијативи на студентите од областа за која се оспособува.

**Член 5**

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавен во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 373/6
12.05.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на општина Демир Капија за 2023 година**

Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на општина Демир Капија за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/5
15.05.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и („Службен весник на Република Северна Македонија" 275/2019), и Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висиниата на трошоците за уредување во зависнот од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија" бр.193/2016 и 72/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија" 16/2022), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 12.05.2023 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**За изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на општина Демир Капија за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на општина Демир Капија за 2023 год. (Службен гласник на општина Демир Капија бр.13/2022) во глава VI. Висината на надометокот на надометокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба, во точка 7 и 16 се менува и гласи:

---

7.) За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, е производ од 50% од површината на градежната парцела, помножена со 6,872,80 ден. (цена од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за 2022 година која изнесува 34.364,00 ден) и со коефициент 0,01

---

16.) За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, е производ од површината, помножена со 10,309,20 ден. (цена од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за 2022 година која изнесува 34.364,00 ден) и со коефициент 0,01

---

**Член 2**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 373/7
12.05.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за недонесување на Програма за измена и**

**дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во општина Демир Капија за 2023 година**

Се објавува Решение за недонесување на Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во општина Демир Капија за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/6 Градоначалник на
15.05.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на XXI-та седница одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За недонесување на Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2023 година**

**1.** Советот на Општина Демир Капија не ја донесе Програмата за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2023 година.

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 373/8 Претседател на Совет на
12.05.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за симнување на точка од дневен ред**

Се објавува Решение за симнување на точка од дневен ред, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/7 Градоначалник на
15.05.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на XXI-та седница одржана на 12.05.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
за симнување на точка од дневен ред

1. Советот на Општина Демир Капија ја симнува од дневен ред точката 7 "Предлог-Решение за давање Согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП "Бошава" Демир Капија".

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 373/9 Претседател на Совет на
12.05.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог-проектот "Изработка на техничка документација за изградба на системи за регулирање и одведување на атмосферските води во с.Бистренци и с.Корешница, Општина Демир Капија"**

Се објавува Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог-проектот **"Изработка на техничка документација за изградба на системи за регулирање и одведување на атмосферските води во с.Бистренци и с.Корешница, Општина Демир Капија"**, што

Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/8 Градоначалник на
15.05.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

За давање согласност за финансиско учество во предлог – проектот **"Изработка на техничка документација за изградба на системи за регулирање и одведување на атмосферските води во с.Бистренци и с.Корешница, Општина Демир Капија"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за сопствено учество во предлог – проектот: "Изработка на техничка документација за изградба на системи за регулирање и одведување на атмосферските води во с.Бистренци и с.Корешница, Општина Демир Капија" и за обезбедени **20%** или **338.413,80 денари,** од потребните средства за реализација.

**Член 2**

Вкупната вредност на инвестицијата изнесува **1.692.069,00 денари.**

Општина Демир Капија како апликант на Проектот: Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти, кој се спроведува од страна на УНДП и Бирото за регионален развој, а е и финансиски поддржан од Владата на Шведска и Бирото за регионален развој, во целост е одговорна за реализација на предлог – проектот. Финансиската поддршка за реализација на предлог – проектот од Владата на Шведска и Бирото за регионален развој изнесува **80 %** од вредноста на одобрените прифатливи трошоци за реализација кои се ослободени од ДДВ.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува на сила наредниот дел од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 373/10 Претседател на Совет на
12.05.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2022 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/9 Градоначалник на
15.05.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Демир Капија на XXI-та седница одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2022 година**

1. Советот на општина Демир Капија го усвои Годишниот извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2022 година, усвоен од Управниот одбор на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија на седница одржана на ден 12.03.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 373/11
12.05.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартал 2023 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартал 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/10
15.05.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на Општина Демир Капија на XXI-та седница одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартал 2023 година**

1. Советот на Општина Демир Капија го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за првиот квартален период 2023 година.

2. Кварталниот извештај е составен дел од овој Заклучок.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 373/12
12.05.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/11
15.05.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-55/1 од 13.01.2023 година, Советот на Општина Демир Капија на XXI-та седница одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **5.000,00 (пет илјади) денари** на лицето **СЛОБОДАН ОРЕШКОВ** од с.Бесвица, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 210501582346984 на лицето Слободан Орешков од Буџетот на

општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 373/13
12.05.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/12
15.05.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-62/1 од 16.01.2023 година, Советот на Општина Демир Капија на XXI-та седница одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **5.000,00 (пет илјади) денари** на лицето **СЛАВИЦА ВЕЛЈАНОСКА** од Демир Капија ул.Јане Сандански бр.7, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 200001994911498 на лицето Славица Велјаноска од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 373/14
12.05.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/13
15.05.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-103/1 од 26.01.2023 година, Советот на Општина Демир Капија на XXI-та седница одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **5.000,00 (пет илјади) денари** на

лицето **ПЕНА КОСТАДИНОСКА** од Демир Капија ул.Маршал Тито бр.28, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 210501589147654 на лицето Пена Костадиноска од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 373/15
12.05.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/14
15.05.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-149/1 од 07.02.2023 година, Советот на Општина Демир Капија на XXI-та седница одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **5.000,00 (пет илјади) денари** на лицето **ПЕРО ЈАНЕВ** од с.Прждево, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 230030000345381 на лицето Перо Јанев од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 373/16
12.05.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/15
15.05.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) постапувајќи по барањето бр.08-196/1 од 21.02.2023 година и бр.08-392/1 од 09.05.2023 година на МПЦ Храм "Св.Никола" с.Клисура, Советот на Општина Демир Капија на XXI-та седница одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување финансиски средства**

**1.** Советот на општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства во износ од

**30.000,00 денари** на МПЦ Храм "Св.Никола" с.Клисура, како финансиско учество на општината за реконструкција на кровот на црквата и за организирање на верскиот празник "Св.Никола" во селото Клисура.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на сметка 200000990434007 на Македонска православна црква - МПЦ од Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година, ставка 464 990 со цел на дознака: за Храм "Св.Никола" с.Клисура и истите наменски да се искористат.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 373/17
12.05.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/16
15.05.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-280/1 од 20.03.2023 година, Советот на Општина Демир Капија на XXI-та седница одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **15.000,00 (петнаесет илјади) денари** на лицето **НАДА ЈОВАНОВА** од Демир Капија ул.Јане Сандански бр.6, заради лекување во странство на нејзиниот син Трајче Јованов.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 210501662945060 на лицето Нада Јованова од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 373/18
12.05.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.05.2023 година.

Број 09 –410/17
15.05.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), постапувајќи по барањето бр.08-282/1 од 21.03.2023 година, Советот на Општина Демир Капија на XXI-та седница одржана на ден 12.05.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За одобрување на еднкратна парична помош**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **6.000,00 (шест илјади) денари** на лицето **БОБИ ПАВЛОВ** од Демир Капија ул.Тиквешка бр.7, заради надомест на штета предизвикана од елементарна непогода - поплава.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка на лицето Боби Павлов од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 373/19
12.05.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---